Миодраг М. ТОДОРОВИЌ

# ПЕДЕСТ ГОДИНИ ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ЗБОРНИК НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со отпочнувањето на работата на Филозофскиот факултет во Скопје во далечната 1946 година, меѓу наставниците и соработниците на овој Факултетот се јави потреба од издавање на едно научно и стручно списание во кое пред поширокта научна и стручна јавност би биле презентирани резултатите од нивните научни истражувања и согледувања.

Така, пред педесет години, во 1948 год. излезе од печат првиот број на *Годишниот зборник*, првата научна публикација на Филозофскиот факултет и првото научно списание од ваков вид во нашата земја. Во него за прв пат на македонски јазик, со резиме на еден од светските јазици, се публикувани научни трудови и прилози од наставниците и соработниците на нашиот Факултет. Затоа слободно може да се каже дека *Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет претставува зародиш на повеќето научни и стручни списанија кои денес излегуваат во нашата земја.

Во почетокот *Годишниот зборник*, од практични причини, излегува како двоброј во којшто, од една страна, се поместени научни трудови од филозофско-историскиот и филолошкиот оддел, а од друга, на природно-математичките дисциплини.

Од тогаш па до денешни дни, *Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет, со мали прекини редовно излегува и по одвојувањето на Природно-математичкиот оддел во 1958 год., односно, на Филолошкиот во 1974 год.

Во периодот од 1948 до 1978 година излезени се 30 годишта на *Годишниот зборник* во кој се публикувани над 194 научни и стручни прилози од областа на: Филозофијата (26), Историјата (79), Историјата на уметноста со археологија (36), Класичните студии (22), Педагогијата (6), Социологијата (4), Етнологијата (15).

Во периодот помеѓу 1978 и 1998 година од 10 Институти и 2 Катедри на Филозофскиот факултет објавени се над 433 научни и стручни прилози. Научните и стручни трудови објавени во *Годишниот зборник* во периодот помеѓу 1978 и 1998 година, распределени се по следниве области: Историја (76), Социологија (64), Историја на уметноста со археологија (57), Психологија (45), Педагогија (43), Филозо-

фија (34), Одбрана (34), Класични студии (20), Социјална работа и социјална политика (17), Дефектологија (2), Катедра по хуманистички студии (20), Катедра по одбрана и заштита (10) или вкупно од наставниците на Филозофскиот факултет 422 и од други соработници 13, односно сè вкупно 435.

Вкупниот број на научни и стручни трудови кои се публикувани во *Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет во Скопје во периодот од 1948 до 1998 година изнесува 618 научни единици и прилози од следниве научни области распоредени по Институти и Катедри:

| Институти и катедри | Број на објавени трудови од 1948 до 1998 година |
|---|---|
| Историја | 153 |
| Историја на уметноста со археологија | 93 |
| Филозофија | 60 |
| Социологија | 65 |
| Педагогија | 49 |
| Психологија | 45 |
| Класични студии | 42 |
| Одбрана | 34 |
| Социјална политика и социјална работа | 17 |
| Дефектологија | 2 |
| Катедра по хуманистички студии | 20 |
| Катедра по одбрана и заштита | 10 |
| Вкупно | 590 |
| Од други | 28 |
| Сè вкупно | 618 |

Последниве два броја на *Годишниот зборник* исцело се посветени на големиот јубилеј - 50 години од започнувањето со работа на Филозофскиот факултет и 50 години од излегувањето на *Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет. Покрај редовните прилози, поместени се и рефератите прочитани на Научниот собир „Хуманистичката мисла и општествена стратегија - состојби и перспективи" одржан по повод тој голем настан на 11-12 декември 1996 год. на Филозоф скиот факултет.

Во изминатиот период преку *Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет воспоставена е богата размена со над 150 сродни научни институции и установи од земјата и странство. Најголемиот дел од таа размена се одвива преку библиотеките на одделните институти

на Филозофскиот факултет. Тоа е најдобар показател каква улога имал и има *Годишниот зборник* во афирмацијата на научната мисла на Филозофскиот факултет и на неговиот научен и стручен кадар.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА НАУЧНИ СТАТИИ И ПРИЛОЗИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ОБЈАВЕНИ ВО ГОДИШНИОТ ЗБОРНИК ЗА ПЕРИОД ОД 1978 ДО 1998 ГОДИНА ПО ИНСТИТУТИ И КАТЕДРИ

| ГОДИНА | ФИЛОЗОФИЈА | ИСТОРИЈА | КЛАСИЧНИ СТУДИИ | ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА СО ФИЛОЗОФИЈА | ПЕДАГОГИЈА | СОЦИОЛОГИЈА | ПСИХОЛОГИЈА | ОДБРАНА | СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | ДЕФЕКТОЛОГИЈА | КАТЕДРА ПО ХУМАНИСТИЧКИ СТУДИИ | КАТЕДРА ПО ОДБРАНА И ЗАШТИТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1978, 4 (30) | 1 | 12 | 1 | 3 | 2 | 3 | 1 | | | | | | 23 |
| 1979/80, 5-6, (31-32) | | 6 | 1 | 5 | | 3 | 2 | | | | 2 | | 19 |
| 1981, 7 (33) | | 2 | | 5 | | 1 | 2 | 1 | | | | | 11 |
| 1982, 8 (34) | 1 | 4 | | 4 | | 2 | 3 | | | | | | 14 |
| 1983, 9 (35) | 5 | 3 | | | | 6 | 2 | | | | 2 | | 18 |
| 1983, 10 (36) | | 4 | | 3 | 1 | 1 | | 1 | | | | | 10 |
| 1984, 11 (37) | | 2 | | 3 | | 5 | 3 | | 1 | | | | 14 |
| 1985, 12 (38) | 2 | 4 | | 4 | | 10 | 2 | | | | | | 22 |
| 1986, 13 (39) | 5 | 5 | 3 | 1 | 6 | 4 | 2 | | | | 4 | 1 | 31 |
| 1987, 14 (40) | | 1 | | 5 | 2 | 3 | 1 | | | | 1 | 1 | 14 |
| 1988/89 15-16 (41-42) | 1 | 3 | | 5 | 1 | 2 | 3 | 1 | | | | | 16 |
| 1990/91 17-18 (43-44) | 2 | 6 | | 2 | 1 | 5 | 2 | 1 | | | 1 | | 20 |
| 1992, 19 (45) | 2 | 3 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 2 | 2 | | | | 23 |
| 1993, 20 (46) | 1 | 6 | 1 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | | 1 | | 24 |
| 1994, 21 (47) | 3 | 2 | 3 | | 8 | | 5 | 4 | 2 | | 1 | | 28 |
| 1995, 22 (48) | 1 | 4 | | 3 | 8 | 3 | 2 | 5 | 2 | | 1 | 2 | 31 |
| 1996, 23 (49) | 3 | 7 | 4 | 5 | 3 | 2 | 6 | 6 | 3 | 2 | 1 | 2 | 44 |
| 1997, 24 (50) | 2 | | 2 | 1 | 3 | 4 | 4 | 4 | 2 | | 2 | 3 | 27 |
| 1998, 25 (51) | 5 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 6 | 3 | | 4 | 1 | 33 |
| Вкупно | 34 | 76 | 20 | 57 | 43 | 64 | 45 | 34 | 19 | 2 | 20 | 10 | 422 |